Република Северна Македонија
**Министерство за правда**

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification
BUREAU VERITAS 1828

Архивски бр. 08-527/23 1518/1
датум 10-07-2026

# ЗАПИСНИК
# ОД НАДЗОР ВО ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ

Министерот за правда со решение бр. 08-527/1 од 25.02.2026 година согласно член 84 ставовите 3, 4, 5 и 6 од Законот за судовите и членот 14 од Законот за управување со движењето на предметите во судовите („Службен весник на РСМ" бр. 42/20) формираше Комисија за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник и надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за управување со движење на предметите во судовите, за 2026 година.

**Комисијата за надзор на ден 18.03.2026 година во 10:00 часот**, согласно Планот за надзор бр. 08-2554/1 го започна надзорот во **Основен кривичен суд Скопје** за контролниот период од 2024 до 2026 година, односно за периодот од последниот увид на Комисијата за надзор во **2024 година до 2026 година**.

Надзорот започна во канцеларијата на Судскиот администратор на судот Дејан Нешовски, а во текот на надзорот и со претседателот на судот Даниела Димовска. Надзорот над АКМИС се спроведе со помош на вработените од Одделението за аналитика во рамки на Кабинетот на претседателот на судот, Фросина Ивановска судски службеник.

Во судот е обезбедена интероперабилност со МВР и истата функционира.

Со Одлука 02-1439/1 од 05.06.2025 година претседателот на судот Иван Џолев бил избран за судија на Апелационен суд Скопје, а ја вршел функцијата претседател на суд до 02 јули 2025 година. Со Решение бр. 02-1616/1 од 03.07.2025 година Судскиот совет ја определил судија Даниела Димовска за вршител на должност, која започнала да ја извршува функцијата од 04.07. 2025 година.

Судницата во Идризово е на Управата за извршување на санкции, врз основа на меморандум на соработка, во однос на одржување и надградување на системот за аудио-визиуелно снимање и репродукција на докази не е обезбедено натамошно


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

тековно одржување и надградување на системот,  за да може судовите да ја користат.

Од овие причини потребна е идна координација за овозможување на системот.

По завршување на проектот со Амбасадата на САД, судско-медиумскиот совет функционира без средства, но редовно се постапува по претставки и пријави од судии или медиумите. Заклучоците се доставуваат до медиумот или судот.

Во судот сеуште не е решено прашањето со обезбедување на информатичари, како и дополнителни трошоци на судот за техничко одржување на опремата и помош.

**Препорака:** Судскиот совет со Судски буџетски совет и Едусофт и сите надлежни државни органи итно да пронајдат решение за надминување на долгогодишната состојба со судот во однос на АКМИС. Секој прекин на струја или мрежа за најголемиот суд кој е единствен надлежен за организиран криминал и корупција претставува ризик за борбата против корупција. Комисијата вторпат дава укажува на ризици и препораки за обезбедување на непречен АКМИС без падови во системот и обезбедување на информатичари. Ова претставува врвен приоритет. Работното тело на Врховен суд и врховен суд да обезбеди информатичар во период од три месеци кој детално ќе утврди кои чекори се потребни за да се надмине постојната состојба која трае предолго за да биде забележана како првпат.

В.д претседателката на судот покажува силни организациски способности, затоа потребно е да преземе итни мерки во оваа насока. Секој следен прекин во АКМИС оставаат сомнеж за намерно обезбедување на финансиски средства од страна на судот кон приватна фирма за одржување, а причината за тоа е  непополнување на работно место со лице со соодветно знаење и експертиза од областа на информатиката и особено неодобрување и необезбедување на финансиски средства за ова работно место од Министерството за финансии, што  укажува на ризик за корупција и влијание во судството. Оваа состојба во судот трае со години и истата мора да се надмине.

**Во однос на другите препораки од Комисијата за надзор, судот во изминатиот контролен период ја подобрил својата работа.**


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2  3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

# ОПШТИ ПОДАТОЦИ И СОСТОЈБА НА СУДОТ

## 1. Програма за работа и извештај за реализација на програма за работа на претседател на суд најдоцна до 1 март до Судски совет

В.д претседателката на судот до Судскиот совет доставила програма за работа - стратегија за унапредување на работата на Основниот кривичен суд - Скопје (2025-2029) со акционен план.

## 2. Број, вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по кој постапуваат) (член 66 СД)

Вкупен број на судии 59 со в.д. претседателката на судот, која ги довршува своите предмети како судија, но не зема во работа нови. Распоредот по оддели е следен: Специјализирано Одделение за организиран криминал и корупција 8 судии, кривичен оддел полнолетни - 18 судии, оддел за претходна постапка 4 судии, оддел за извршување на санкции 3 судии, оддел за малолетници двајца судии, оддел за прекршоци 21 судија, две судии на породилно отсуство.

## 3. Годишен распоред на судии (дали е донесен до 31 декември тековната година за следната година) со сите измени на годишниот распоред на судии (колку пати е менуван), со записници за спроведената постапка (мислење од седница на судии и достава до сите судии 113 СД)

02 Су бр.233/23 од 28.12.2023, нема измени на годишниот распоред, а со одлука на претседател на суд се распоредува новоизбран судија или судија кој бил вратен во судот по истекот на периодот кога бил делегиран во друг суд, или пензионирање.
02 Су бр.245/24 од 27.12.2024 година, со одлуки
02 Су бр.424/25 од 29.12.2025 година

## 4. План за годишен одмор на судиите (115 СД)

Постапката за подготовка на планот била со соопштение за цел суд кога може да се користи, а судиите се изјаснуваат за кој период преку претседателите на оддели.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

## 5. Формирана служба за информатика како посебна организациона единица

Формирано е одделение за информатика како посебна организациона единица. Во контролниот период имало вработено еден информатичар - техничар, кој заминал од судот во февруари 2026 година. Во моментот на надзорот нема информатичар во судот. Судскиот совет е известен за овој проблем, а во планот за вработување кој е доставен до Советот побарано е вработување на информатичар.

На денот на надзорот и претходниот ден 17.03.2026 година судот се соочува со прекин на работата на АКМИС поради физички прекин на мрежата по спратови во зградата. Прекинот е надминат по интервенција од надворешна фирма ангажирана од страна на судот.

## 6. Формиран оддел за судска практика во судот

Судија за судска пракса Елизабета Постоловска, Лидија Петровска, Хамдирефет Бафтијари, Весна Петровска Тагасовска.

## 7. Формирана канцеларија за односи со јавноста (101 СД)

Дејан Ристовски, портпарол на судот, се организираат брифинзи, соопштенија, пристап до информации.

## 8. Судски администратор и распределба на службеници (60 СД)

Судски администратор во судот е Дејан Нешовски.

07 СУ бр.191/24-II од 04.11.2024 година,

07 СУ бр.111/25 од 07.02.2025 година со измени дополнителен распоред,

07 Су бр.148/26 од 24.02.2026 година

Судот се соочува со огромен недостаток од судска служба. Судот е оставен во состојба на колапс поради немање на човечки ресурси, особено дактилографи, од кои причини потребни се најмалку 33 нови вработувања - 16 дактилографи, 13 стручни, еден ИТ и двајца стручни соработници.


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

9. **Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно (член 17 СД)_за 2024, 2025 и 2026 година.**

Су 393/24 од 16.05.2024 година

Записници од одржани седници на судии на месечно ниво (член 19 и 22 СД) увид во записници

03 Су бр.490/24 од 12.12.2024 година, 03 Су бр.497/25 од 10.12.2025 година,

Записници од одржани седници на судски оддели доставени до претседателот на судот (член 67 СД) увид во записници

03 Су бр.54/24 од 12.02.2024 година, 03 Су бр.166/25 од 02.04.2025 година,

10. **Статистички извештај за работата на судот доставен до Судски совет (член 84 од СД) со анализа за начин на решавање на решени предмети, одлуки на повисоки судови за предмети по правен лек и посебно издвоени податоци за застарени, стари и укинати предмети**

Основен кривичен суд Скопје доставува до Претседателот на Судскиот совет на РСМ секој месец извештаи за застарени предмети со прилог изјава од судијата и истите се заведени под број 03 Су.бр.65/25 и 03 Су.бр.70/26

11. **Извештај од повисокиот суд за работата на Основниот кривичен суд Скопје за 2024, 2025 и 2026 година**

Су 03-303/24-2 од 25.12.2024 година, Су -03-421/24 од 17.11.2025 година, 03 Су бр.502/24

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА АКМИС

12. **Организирани обуки на судии и судски службеници за користење на АКМИС (26 СД)**

Не се одржуваат организирани обуки за работење во АКМИС системот. Тековни интерни обуки во врска со новитети во примената на АКМИС или обучување на нов вработен/новоизбран судија се врши од страна на вработените во судот.

Во неколку наврати по потреба се контактирани стручните лица од компанијата која го одржува АКМИС системот.

## 13. Преглед на информатичката опрема со која располага судот

На надзорната комисија и беше доставен на увид Список на информатичка опрема со која располага Основен кривичен суд Скопје. Последна набавка на 30 нови работни станици и 10 печатари е направена во 2025 година. Останатата опрема е постара од најмалку четири години.
Во поглед на информатичка опрема, особено печатари и скенери судот има потреба од редовна годишна набавка заради обновување на животниот век.

Од доставениот преглед беше забележано дена судот сеуште чува огромна количина на стара нефункционална информатичка опрема која би требало да биде соодветно расходувана.

## 14. Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи со степен на достапност до АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД) На увид

Список на кориснички групи со степен на достапност до АКМИС за секој судија и судски службеник, за контролираниот период се изработени и заведени под Су.07.бр.285/24 од 21.03.2024 година, Су.07.бр.150/25 од 25.02.2025 година и Су-07 бр.172/26 од 02.03.2026 година.

Списокот од 2024 година како акт не е внесен во АКМИС системот, списокот од 2026 година чека за верификација.

На увид беше доставена и Процедура за доделување на кориснички привилегии за овластените лица кои вршат обработка на лични податоци, 03 Су.бр.338/21 од 12.08.2021 година.

## 15. Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД)

Има уредно донесени.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

16. **Месечните распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС за контролираниот период (116)**

Во судот уредно се изготвени Распореди за дежурства за целиот контролен период и истите се уредно заведени во АКМИС: 03 Су бр.23/24-9 од 21.10.2024 година, 03 су 28/25-6 од 25.07.2025 година

Дежурствата се уредно внесени во месечниот календар на дежурства во АКМИС системот.

17. **Скенирање на влезни документи**

Судот врши скенирање на влезни документи во сите оддели освен во оддел за малолетници и претходна постапка. Со оглед на фактот дека судот не располага со доволен број на скенери се скенираат само иницијалните акти, жалби, и акти за Врховен суд.
Во судот на располагање со четири скенери, чии број е премал во однос на обемот на бројот на предмети кои се во работа на судот.

18. **Електронски прием на предмети од страна на судиите**

Надзорната комисија беше информирана дека електронското прифаќање на предметите од страна на судиите се врши редовно.

19. **Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети (негово физичко присуство 89 СД)**

Судски службеник - администратор на АКМИС во претходните години бил задолжен Никола Настевски со Одлука 07.Су.бр.65/23 од 25.01.2023 година за администратор на АКМИС системот. По неговото заминување за одговорен судски службеник - информатичар, администратор на АКМИС е определен Драган Јовановски, со одлука 07.Су.бр.214/26 од 17.03.2026 година.

Автоматска распределба, како и прераспределба се врши од стана на водителот на уписник на секој оддел. Автоматската распределба се врши во 14 часот.


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

**20. Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети за 2024, 2025 и 2026 година (175 став 5 СД)**

Исклучување на судија од автоматска распределба на предмети се врши врз основа на законските основи со образложена одлука за причините за исклучување на судијата од распределба на предмети. За време на годишните одмори судска ферија судиите не ги исклучуваат од автоматска распределба, освен за итните притворски предмети.

По случаен избор беше направен увид во следните Одлуки за исклучување за контролираниот период: 02.СУ.бр.1/24-15 од 09.03.2024, 02.СУ.бр.1/24-38 од 15.08.2024, 02.СУ.бр.1/24-54 од 30.12.2024, 02.СУ.бр.3/25-75 од 30.12.2025, 02.СУ.бр.3/25--59, од 10.09.2025, 02.СУ.бр.3/25-37 од 23.06.2025.

Истите се уредно внесени во АКМИС.

**21. Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија, и одлуките за изземање за 2024, 2025 и 2026 година**

Повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија се врши со Решение со кое се уважува изземањето доколку постои основ за тоа и се определува по конкретниот предмет да постапува судија утврден со автоматска распределба.

Претседателот на судот годишно донесува по околу 200 одлуки со кои е извршена прераспределбата заради постоење на различни околности, врз основа на закон и Судскиот деловник.

При разгледувањето на неколку случаи, селектирани по случаен избор беше направен увид во следните предмети: Изз.бр.101/24 од 22.10.2024 година, Изз.бр.133/24 од 27.12.2024 година, Изз.бр.15/25 од 05.02.2025 година, Изз.бр.151/25 од 29.09.2025 година и Изз.бр.50/26 од 27.02.2026 година.

**22. Сите одлуки за рачна распределба на предмети од АКМИС за 2024, 2025 и 2026 година**

Во судот нема одлуки за рачна распределба.
Во судот се врши прераспределба на итни предмети на дополнителен дежурен судија кој постапува по истите предмети, со користење на копче судија.


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

23. **Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот (Гр и Кр од бараниот период)**

За време на надзорот имаше предмети со поголем број на обиди за автоматска распределба на ист ден и со распределба преку копче судија.

Од страна на Комисијата беа проверени дел од овие предмети и утврдено следното:

- КСП-291/24 - Предметот е распределен автоматски на ден 02.07.2024 година, прераспределен автоматски на 03.07.2024 година врз основа на одлука 02 Су број 113/24 од 03.07.2024 година и со копче судија е распределен 22 пати во текот на еден ден 03.07.2024 година.
  Одговор од судот: Во случај на прераспределба со копче судија, АКМИС избира судии кои што тој ден се вклучени во автоматската распределба, се додека системот не го појави судијата кој што е претседател на Кривичен совет во Кривичен оддел полнолетни, согласно годишниот распоред. Тој ден имало вклучени 22 судии и затоа ги покажува сите.
- КСП-КОК 483/25 - Предметот е распределен два пати автоматски на ден 25.07.2025 година еднаш во 11:20 часот, потоа во истиот ден со копче судија е распределен 7 пати во текот на истиот ден 25.07.2025 година и повторно пуштен на автоматска распределба истиот ден во 14:52. Предметот е прераспределен рачно на 28.07.2025 година со Одлука на заменик Претседател 02 Су.бр.271/25 од 25.07.2025 година.
  Објаснување од полето забелешка: Поради немање можност за прераспределби предметот во истиот ден, а бидејќи претседателката на судот за прв пат се вклучува како претседател на кривичен совет, прераспределбата се прави на 28.07.2025 година, а поради итноста одлуката е донесена на 25.07.2025 година.
  Објаснување од судот: Поради користење на годишни одмори само еден судија бил вклучен за постапување по тој тип на уписник, а АКМИС го доделил предметот кај тој судија кој постапувал како судечки судија, и затоа повторно е извршена прераспределба со опција копче судија.
- Кс-КР 1002/24 - Предметот е распределен автоматски на ден 24.06.2024 година, со копче судија е распределн 23 пати во текот не еден ден 25.06.2024


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

година, и на крај прераспределен рачно на 26.06.2024 година со решение за иземање 67/24 од 26.06.2024 во кое стои дека по предметот се определува да постапува судија утврден со автоматска распределба.

Објаснување од судот: При прераспределба со опција копче судија АКМИС системот избира судии кои не постапуваат во Кривичен совет, и при тоа системот ги појавува сите судии кои што тој ден се вклучени во автоматска распределба. Бидејќи често станува збор за предмети од итна природа, каде што е потребно да се донесе одлука истиот ден а распределбата се прави еднаш во текот на денот, од тие причини предметот се распределува преку опција копче судија, кој е автоматска распределба а не рачно распоредување.

На денот на надзорот беше направен увид во следните предмети одбрани по случаен избор:

- ПРК-С-5555/24 - поднесен на ден 02.05.2024 година, примен на ден 05.06.2024 година, автоматски распределен на ден 07.06.2024 година и примен од страна на судија на ден 05.07.2024 година
- ПРК-О-1250/24 - поднесен на ден 31.10.2024 година, примен на ден 01.11.2024 година, автоматски распределен на ден 04.11.2024 ден, прераспределен автоматски на ден 15.11.2024 година со одлука за изземање Изз.бр.115/24 од 14.11.2024 година, примен од страна на судија на 04.11.2024 година.
- К-1320/25 - поднесен на ден 11.12.2024 година, примен на ден 16.07.2025 година, автоматски распределен на ден 16.07.2025 година, автоматска прераспределба на ден 13.08.2025 година со решение за изземање Изз.бр.132/25 од 13.08.2025 година, примен од страна на судија на ден 17.07.2025 година
- ПРК-Ј-789/25 - поднесен на ден 04.05.2023 година, примен на ден 25.04.2024 година, автоматски распределен на ден 29.04.2025 година, примен од страна на судија на ден 30.04.2025 година
- К-ПП-132/2026 - поднесен, примен на ден 03.03.2026 година, распределен со копче судија на ден 03.03.2026 година затоа што е итен предмет добиен за време на дежурства по кој постапува дежурен судија, и примен од страна на судија на ден 03.03.2026 година

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

- КС-КР-255/26 - поднесен, примен и автоматски распределен на 19.02.2026 година, примен од страна на судија на ден 10.03.2026 година, прераспределба рачно на 12.03.2026 со решение за изземање Изз.бр.62/26 од 11.03.2026 година,

**24. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник (број на предмети и датум на заведување и време на распределување)**

Надзорната комисија беше информирана дека распределбата на предметите во судот се врши еднаш дневно и тоа во 14.00 часот. Итните предмети се распределуваат веднаш.
На денот на надзорот имаше 134 нераспределни предмети со датум на внес постар од тековниот (од 16.03.2026 година) заради прекин во работата на АКМИС со траење од два дена, кој беше надминат во моментот на надзор.

**25. Уписници што се водат во хартиена форма**

Нема уписници во хартиена форма.

**26. Користење на тонско снимање и опрема за тонско снимање**

Судот располага со 24 судници во главната зграда и дополнителни 6 судници во старата зграда на судот. Од нив вкупно 20 мали судници се опремени со опрема за аудио снимање, а три големи судници за организиран криминал се опремени со опрема за заштитени сведоци и опрема за конференциска врска. Една голема судница воопшто нема опрема за аудио снимање.
Апликацијата Фемида има надградба само во една судница.

**27. Електронска достава**

Електронската достава функционира само до адвокатите. На барање на Адвокатска комора судот има изработено Упатство за адвокати за користење на апликацијата за електронска достава за да се зголеми фреквенцијата на користење на истата.

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТНО ТЕЛО

**28. Одлука за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2024, 2025 и 2026 година (член 16 СД)**

02 Су бр.34/24-III од 20.02.2024 година, 02 Су бр. 68/25 од 03.03.2025 година, 02 Су бр.45/26 од 26.02.2026 година.

**29. Годишен план за управување со движењето на предметите за 2024, 2025 и 2026 година по предлог на работното тело**

02 Су бр.34/2024-II од 20.02.2024 година, 02 Су бр.14/25-II од 22.01.2025 година, 02 Су бр.34/26-II од 18.02.2026 година, 02 Су бр.45/26 од 26.02.2026 година

**30. Внатрешни процедури се дел од Годишниот план, а предлогот се подготвува посебно.**

Број на внатрешните процедури види одговор под прашање бр.29

**31. Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување (член 8 од ЗУДПС)**

Секој месец 07 Су бр. 151/25 -IX од 17.11.2025 година, Су бр 152/25- од 15.12.2025 година.

## ДРУГИ ОПШТИ ПОДАТОЦИ

**32. Информирање на јавноста за резултатите од работењето на судот и судиите (најмалку еднаш годишно) за контролираниот период**

Редовно се даваат соопштенија за јавност преку портпаролот на судот, брифинзи и други начини на информирање на јавноста. На веб страницата редовно се објавуваат новости.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**33. Огласна табла на судот**

Има огласна табла уредно поставена на видно место.

**34. Простории за судии поротници и за адвокати**

Има посебни простории посебна за обвинители и посебна за адвокати
Просторија за судии поротници има определено, иако пополнети се само 36 места на судии поротници од предвидени 70.

**35. Објавени правосилни судски одлуки на веб страната на судот за 2024, 2025 и 2026 година**

Не се објавуваат правосилните одлуки на веб страната на судот затоа што модулот за анонимизација покрај тоа што автоматски прави анонимизација потребна е и дополнителна проверка од страна на судските службеници заради големиот број на пропусти при автоматската анонимизација. Од судот истакнаа дека имаат потреба од канцеларија за анонимизирање. Доколку некоја надворешна институција или некој медиум поднесе барање за одредена одлука, истата се анонимизира рачно и се доставува до побарувачите.
Од судот беше посочено дека Основен кривичен суд Скопје во јули 2025 година има потпишано меморандум за соработка со Здружение на судии на РСМ и Приватна високообразовна институција Бреинстер Некст Скопје со цел воведување нови дигитални алатки со помош на вештачка интелигенција, за поголема ефикасност и економичност на постапките и полесен пристап на граѓаните до услугите во надлежност на судовите. Новите алатки ќе овозможат пренесување на аудио запис од главна расправа во текстуална форма на македонски јазик, унапредување на технологијата за аудио и видео снимање, алатка за директно и брзо анонимизирање на судските пресуди и унапредување на веб страната на судот и поголема достапност на судот преку социјалните мрежи. Меморандумот опфаќа соодветна заштита на податоци, со што студентите нема да имаат директен пристап во судските предмети и увид во не правосилни предмети, со што ќе бидат запазени сите законски одредби за заштита на личните податоци на странките и доверливоста на постапките.
Сите тековни документи редовно се објавуваат на веб страната на судот.

| |
|---|
| *Препорака: Задолжително да се почне со анонимизација на одлуките* |

**36. Архива**

Архивата е во доста солидна состојба, од причина што се работи за голем суд каде што освен предмети и се чуваат и предмети од кривични постапки. Архивата е доста уредна , чиста и пристапна каде што се има увид на сите предмети.

ПРЕДИЗВИЦИ СО КОИ СЕ СООЧУВА СУДОТ

**37. Прашања за кои претседателот на судот, судскиот администратор или судската служба при вршењето на работите во судот можат да укажат дека им го отежнуваат работењето во врска со АКМИС или општо ефикасното работење на судот.**

Како еден од клучните предизвици кои директно го отежнуваат секојдневното работење на судот, а со тоа и целосната функционалност на АКМИС, се издвојува критичниот недостаток на стручен информатички кадар (информатичар). Со оглед на тоа што нема вработени соодветни ИТ лица за тековно одржување, дигитална безбедност и брзо отстранување на техничките пречки, ефикасноста во постапувањето по предметите е сериозно загрозена. За непречено и општо ефикасно работење на судот, неопходно е итно решавање на овој кадровски дефицит преку пополнување на работните места за ИТ соработници. Забележано е дека при распределбата на нови предмети преку АКМИС системот неопходно е да се води сметка за тоа дали станува збор за обвинителен предлог или акт, дали станува збор за наредба или притвор, како и да се води сметка за бројот на обвинети и предвидената затворска казна, со цел да се постигне рамноправност при распределбата и работењето на судиите.

Увидот заврши на ден 18.03.2026 во 14:30 часот.


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk